**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотар ВМ од КП, по одржаната расправа во согласност со членовите 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 17.12.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметите НПН бр.92/23, НПН бр.5/23 и НПН бр.7/23 во Уписникот за нотарски платен налог во електронска форма, уредно не ја пополнува рубриката 11), која се однесува на „датум на поднесување на приговор", рубриката 12), која се однесува на „датум на достава на списите до судот и основ" и рубриката 13), која се однесува на „датум на правосилност и извршност", со што постапила спротивно на членот 23 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

2.Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметите НПН бр.5/23, НПН бр.7/23 и НПН бр.92/23 при приемот на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, и прием на приговори за нотарски платен налог користела погрешен штембил за дејството кое го презема односно на писменото нотарот ставила Штембил за потврдување на прием на списи (бразец бр. 21) од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување, наместо Штембилот за прием, на писменото -приемен штембил (Образец бр. 3) од истиот

Правилник, со што постапила спротивно на членот 7 точка 3) од Правилникот за печат, формата и содржината на служениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување.

3.Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр. 92/23, на ден 19.5.2023 година, примила приговор од должникот Ласте Давитковски од Крива Паланка преку полномошник адвокат хх од кп и истиот на ден 14.6.2023 година, видно од приемниот штембил на судот, го доставила до Основен суд КП, односно по истекот на рокот од 3 дена, заради донесување на одлука согласно со одредбите од Законот за парничната постапка, за постапување по приговор за нотарски платен налог, со што постапила спротивно на членот 72 став (3) од Законот за нотаријатот, а ваквата состојба е забележена и во предметот НПН бр. 5/23.

4. Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 10.1.2023 година, преку полномошник адвокат ХХ од Ш, од страна на доверителот ХХХХХ дооел Штип примила предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, заведен под НПН бр. 7/23 и истата на ден 17.1.2023 година изготвила решението за нотарски платен налог, односно по истекот на рокот од 3 дена од прием на предлогот за издавање на нотарски платен налог, со што постапила спротивно на членот 71 став (6) од Законот за нотаријатот, а ваквата состојба е присутна и во предметот НПН бр. 92/23 и 5/23.

5. За сторената  дисциплинска повреди опфатена со точка 2), 3) и 4) од диспозитивот на решението, именуваниот нотар се казнува со единствена дисциплинска мерка – **парична казна** во износ од 500 (петстотини) евра во денарска противвредност според  среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

6.Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139  став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметот заведен под ОДУ бр.32/24 од 18.1.2024 година, изготвила Нотарски акт -Договор за засновање на заложно право на недвижност-  хипотека со својство на извршна исправа, помеѓу ХХ Банка АД Скопје и ХХ како должник-заложен должник, при што субјективитетот на Банката го утврдила од увидот во тековната состојба издадена од Централен регистар на РСМ, но

изводот не е прилог кон изворникот на нотарската исправа и не е потпишан или парифиран од нотарот и учесниците на нотарскиот акт, што не е во согласност со членот 57 став (3) од Законот за нотаријатот.

7.Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметот заведен под ОДУ бр.32/24 од 18.1.2024 година, изготвила Нотарски акт - Договор за засновање на заложно право на недвижност - хипотека со својство на извршна исправа, помеѓу ХХ Банка АД Скопје и ХХ како должник-заложен должник, при што нотарот како прилог кон нотарската исправа приложила полномошно бр. 0308/32430-1 од 25.9.2023 година, издадено од НЛБ Банка АД Скопје, кое не е заверено од нотар, со што нотарот постапила спротивно на членот 95 од Законот за нотаријатот.

8. Нотар ВМ од КП, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметот заведе под ОДУ бр.291/23 од 26.5.2023 година, изготвила Нотарски акт-Договор за засновање на заложно право на недвижност-хипотека со својство на извршна исправа, помеѓу НЛБ Банка АД Скопје, преку овластено лице ХХ,, НН И ММ, како корисници на кредитот-должници и ДД како согласна страна како должник-заложен должник, при што нотарот навела дека полномошното бр. 030-14372 од 18.11.2023 година, издадено од ХХ Банка АД Скопје, е прилог кон нотарската исправа, но истото не е прилог кон нотарскиот акт, со што нотарот постапила спротивно на членот 95 од Законот за нотаријатот.

9. За сторената дисциплинска повреда опфатена со точка 6), 7) и 8) од диспозитивот на решението, именуваниот нотар се казнува со единствена дисциплинска мерка – **парична казна** во износ од 1.000 (една илјада) евра во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

**Претседател на Советот**
**Елена Милушева-Сапунциева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;